Бр./Nr 12-204/3
07-02-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 100-та седница одржана на 06.02.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-5087/1 од 27.10.2023 година, оформен по доставена пријава против службеното лице --------- в.д директор во ЈП ,,----------------" Скопје и против претседателот на Управниот одбор -------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат, за дел од наводите надминати се состојбите и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-5087/1 од 27.10.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 27.10.2023 година, поднесена е пријава против службеното лице ---------- в.д директор во ЈП ,,---------------" Скопје и против претседателот на Управниот одбор ---------- и оформен е предмет број 12-5087/1 од 27.10.2023 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за злоупотреба на службената положба и овластување на в.д директорот ---------- и претседателот на Управниот одбор на наведеното претпријатије. Подносителот наведувад дека согласно Статутот на ЈП ,,-------------" Скопје каде е предвидено дека Управниот одбор е орган на управување кој донесува одлуки и заклучоци кои се задолжителни за директорот и истиот треба да ги почитува и извршува.

Имено, Управниот одбор имало донесено Одлука за менување на финансискиот план за јавни набавки со која одлука било утврдено дека се брише ставката за ангажирање на агенцијата за привремени вработувања каде на нетранспарентен и самоволен начин без критериуми се тргале едни лица, а се примале други, а всушност не се допренисувало за дополнително подобрување на состојбата во јавното претпријатие. Подносителот наведува дека од страна на в.д директорот на наведеното претпријатие Договорот за изградба на пречистетителната станица не им бил даден на увид на Управниот одбор иако

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

за тоа Управниот одбор имало надлежност да го разгледува согласно Статутот на ЈП „------------" Скопје. Исто така се наведува дека со Одлука на Управен одбор било одобрено продолжување на договор за послуга на ПМВ марка Шкода Октавија со регистаски ознаки СК-,----,-,-- со број на шасија ---------- кое се дава на користење на директорот на ЈП „------". Ова Одлука била со важност од една година и истата била истечена на крајот на Јуни месец, кога возилото требало да биде вратено на ЈП „-------------" Скопје.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за прибирање документација до ЈП „----------" Скопје. Од страна на ЈП „------------" Скопје постапено е по барањето на ДКСК и доставени се побараните документи. Од увидот и анализа на истата ДКСК ги утврди следниве состојби:

Со Одлуката за измена на Финансовиот план за 2023 година на ЈП „-------------" Скопје и План за јавни набавки за 2023 година со бр.----,----/4 од --.--.2023 година донесена од Управниот одбор на ЈП „-----------" –Скопје, донесена била Одлука за поништување бр.----,----/14 од --.--.2023 година со која Тендерската документација и Огласот за доделување на договор со поедноставена отворена постапка бр.-----/2023 година, каде што предмет на договор било: Услуга од Агенција за привремени вработувања-по спецификација се поништува.

Во врска со договорот за изградба на пречистетителната станица што не им било даден на увид на Управниот одбор, директорот на ЈП „--------------" Скопје тврди дека не му било доставено барање од Управниот одбор за да им биде доставен на увид наведениот договор.

Во врска со Одлуката за измена на Финансовиот план за 2023 година на ЈП „-------------" Скопје и План за јавни Набавки за 2023 година на претпријатието со која во член 1 се врши измена на Финансовиот план и се менуваат следните ставки, и тоа: „Контото 44907-Услуги од агенција за привремени вработувања се намалува за износ од 9.000.000,00 денари, од кои износ од 4.000.000,00 денари се додаваат на конто 4221 – Трошоци за регрес на вработени во износ 4.000.000,00 денари се додава на контата 42110 и 42111 плати и надоместоци на плата". Со член 2 од одлуката се врши измена на Планот за јавни набавки на ЈП „----------" Скопје за 2023 година се вршело следната измена „Во делот II-Договори и рамковни спогодби за јани набавки на услуги точката со реден број 174-Услуги од агенција за привремени вработувања се брише. Во одговорот стои дека членот 1 на ова одлука е неспроведлив од причина што Контото 44907- Услуги од агенција за привремени вработувања се намалува за 9.000.000,00 денари, а се распределуваат 8.000.000,00 денари, но во одлуката не е наведено каде се распределува остатокот од износот од 1.000.000,00 денари.

Во врска со продолжувањето на договорот за послуга на ПМВ марка Шкода Октавија со регистаски ознаки СК-,----,-- со број на шасија -------------- кое се дава на користење на директорот на ЈП „----------" без продолжување на договорот од страна на Управниот одбор на наведеното претпријатие не Известуват дека наведеното патничко моторно возило ПМВ

марка Шкода Октавија со регистаски ознаки СК-,----,-- со број на шасија ------------- е вратено во ЈП „-----------" Скопје и во одговорот доставен е прилог записник со слики. На ден 28.12.2023 година составен бил записник бр.----,-----/3 за примопредавање на патничко моторно возило и надминати биле состојбите.

Од страна на директорот на ЈП „----------" Скопје ---------- поднесена била пријава против претседателот на Управниот одбор на ЈП „----------" Скопје, Идриз Орана со наводи за непочитување на одредбите од Законот за јавните претпријатија и статутот на ЈП „-------------" Скопје со кое се уредува надлежноста на Управниот одбор и грубо кршење на деловникот за работа на Управниот одбор, со што го доведувал во прашање извршувањето на законските обврски кои ги има претпријатието во вршењето на јавната дејност за која е формирано. Имено, подносителот наведува дека претседателот на Управниот одбор ---------- не ги потпишувал записниците од одржаните седници и не ги потпишувал одлуките донесени од Управниот одбор, што е во спротивност со одредбите од Статутот на ЈП „--------------" Скопје и со одредбите од деловникот за работа на Управниот одбор.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до претседателот на Управниот одбор на ЈП „-----------" Скопје.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните податоци и информации и од увидот во прибавената документација утврдено е дека записникот од 27-та седница на Управниот одбор одржана на 29.06.2023 година е потпишан и истиот ден заведен со деловоден број во архивата на јавното претпријатије со бр.----,----- од 29.06.2023 година. Истиот бил потпишан од страна на претседателот на Управниот одбор ------- како и од секретарот -----------.

Записниците од 29-тата, 30-тата и 31-вата седница биле потпишани од страна на претседателот на Управниот одбор --------- и од секретарот ----------- и ----------- кои беа избрани од редот на членовите на Управниот одбор бидејќи претходниот секретар ---------- бил раководител на сектор за правни работи, побарал лично да биде разрешен од страна на претседателот на Управниот одбор бидејќи не можел да издржи притицоци.

Записникот од 29-та седница бил потпишан од страна на претседателот на Управниот одбор и истиот не бил архивиран и не бил заведен во деловоден број од страна на ---------- кој бил овластен и обврзан да ги заверува записниците на Управниот одбор. Претседателот на Уравниот одбор тврди дека секретарот --------- кој ја водел таа седница не го потпишал записникот и не го дал записникот за потпис до претседателот на Управниот одбор се до месец Ноември. По добивањето на записникот од страна на новиот секретар ---------- истиот бил потпишан од страна на претседателот на Управниот одбор. На прашањето дали на седницата одржана на 29.06.2023 година бил поканет некој од раководните лица и дали бил присутен секретарот на управниот одбор, претседателот на Управниот одбор тврди дека биле поканети раководните лица вклучително и директорот но никој од нив не се уклучил

на онлине седницата, а записникот бил потпишан од Секретарот -------- и го заверил во архивата со деловоден број.

Што се однесува до 30-тата и 31-вата седница записниците за истите се потпишани, а записниците за овие седници биле усвоени на 36-тата седница одржана на 11.12.2023 година.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат за дел од наводите надминати се состојбите и нема елементи за натамошно постапување, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Ф.О
Одобрил: м-р Ш.С, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**